**Славјанка Димова** **Вера Ангеловска**
**Марина Васиќ - Стефановска**

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## ЗА V ОДДЕЛЕНИЕ
## ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

***Автор***
Славјанка Димова
Вера Ангеловска
Марина Васиќ- Стефановска

***Уредник***
Славјанка Димова
Вера Ангеловска
Марина Васиќ- Стефановска

***Илустратор***
Славјанка Димова
Вера Ангеловска
Марина Васиќ- Стефановска

***Рецензенти:***
д-р Ивица Зориќ
Фросина Цветкова-Муратовска
Флурим Зулфија

***Јазичен лектор***
Татјана Нанкова

***Компјутерска подготовка***
Весна Горјанска-Кржева
Драган Арсовски

***Издавач***: Министерство за образование и наука за Република Македонија

***Печати***: Графички центар дооел, Скопје

***Тираж***: 15.400

Со решение на Министерот за образование и наука на Република Македонија бр.22-2411/1 од 26.04.2010 година се одобрува употребата на овој учебник

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св.Климент Охридски” , Скопје
373.3.016:78 (075.2) = 163.3
ДИМОВА, Славјанка
Музичко образование за V одделение : деветгодишно основно образование / Славјанка Димова, Вера Ангеловска, Марина Васиќ Стефановска. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Македонија, 2010. - 103 стр. : илустр. ; 28 см
ISBN 978-608-4575-94-8
1. Ангеловска, Вера [автор] 2. Васиќ Стефановска, Марина [автор]
COBISS.MK-ID 84083722

*Драї ученику!*



И оваа година ќе се дружиш со веселите гости од музичката куќа. Тие ќе ти помогнат да ги откриеш тајните на музиката. За да ги разбереш, треба да се обидеш да пееш, свириш, создаваш и слушаш.

Доколку внимателна ги следиш и исполнуваш дадените активности и задачи од учебникот, ќе зачекориш по патот на музиката. Додека пееш, свириш и истражуваш со своите другарчиња ќе ја откриеш убавината на соработката и заедничкиот успех.

Ќе откриеш дека волшебните звуци го зајакнуваат другарството, а твоето срце го исполнуваат со радост и љубов.

Затоа побрзај! Танцувај, пеј, свири и слушај ги приказните од минатото искажани преку звуците. Открij ги тајните и вивни се во светот на веселите ноти!

*Од авторите*



# *Мојот свет*
(по слух)




Сонце ме буди во постела,
песна ме гали во душата.
Три спомени што болеа
вечно ги избришав јас. } x2

Мојот свет се вика музика,
нема вера ниту граница
мојот свет се осум ноти,
една душа балканска. } x2

Најна најна, нанана најна.......

Мојот свет се вика музика,
нема вера ниту граница,
мојот свет се осум ноти,
една душа балканска. } x2

Мојот свет се осум ноти,
една душа балканска.



## *Активност:*

1. Биди креативен и твори на тема „Мојот музички свет“.



# *Запејте деца на светот*

(по слух)

музика: *Кирил Македонски*




Тажни да нема на светот,
дечиња, никогаш глад ,
радосен нека е денот,
за човек стар и млад.

Рефрен: Ла, ла, ла, ла ...

Срцата детски се извор,
игра и смеа без крај,
среќа и радост во светот,
да цути в секој крај.

Рефрен: Ла, ла, ла, ла ...





## *Задача:*

1. Твоите инспирации од содржината на песната искажи ги преку цртеж или честитка на тема „За сите деца на светот“, со примена на ИКТ.



# Нотни вредности

**Во песните што ги пееме и свириме** мелодијата е запишана со тонови различни по висина и траење. Нотната вредност го определува траењето на тонот. Досега ги употребувавме **четвртина** и **половина** нота.

***Да се потсетиме:***

**четвртина нота**




**трае еден удар**

**половина нота**




**трае два удари**

***Запомни!***

1. **Четвртина** нота трае **еден удар**. **Половина** нота трае **два удари**.

# Цела нота и пауза

**Целата нота е составена од празна нотна глава.**

**Целата нота трае четири удари.**




**Знакот за молчење што трае четири удари**
**се вика цела пауза**



**бележење на цела пауза во петолиние**

***Активности:***

1. Во твојата тетратка напиши ритмички и мелодиски вежби со цела нота и пауза.
2. Биди креативен и изработи симбол за цела нота и пауза.

# Осмина нота и пауза

***Да се потсетиме:***




Новата нотна вредност што ќе ја откриеме се вика **осмина нота.**



**осмина нота** е составена од:
полна нотна глава, нотна црта и нотно барјаче




**Осмина нота трае половина (1/2) удар.**




**Знакот за молчење што трае половина удар**
**се вика осмина пауза**



**бележење на осмина пауза во петолиние**

***Активности:***

1. Тактирај две, четири и осум осмини паузи!
2. Колку вкупно удари траат?

# Примена на осмина нота во песна

## *Волшебна коцка*




*II строфа*

Јас сум песна во осмини,
за вас деца мои мили.
Волшебна сум, сила давам,
од вас ништо јас не барам.



# Ритмички и мелодиски вежби со примена на цела нота и пауза

*Ритмичка вежба бр. 1*



*Мелодиска вежба бр. 1*



*Ритмичка вежба бр. 2*



*Мелодиска вежба бр. 2*



# Ритмички и мелодиски вежби со примена на осмина нота и пауза

*Ритмичка вежба бр. 1*




*Ритмичка вежба бр. 2*

*Мелодиска вежба бр. 1*




*Мелодиска вежба бр. 2*




*Мелодиска вежба бр. 3*




## *Задачи:*

1. Именувај ја тактовата мера!
2. Одреди колку тактови времиња има тактот во мелодиските и ритмичките вежби.
3. Пеј и свири ритмички точно!

# Местото на нотите во петолинието

*Да се потсетиме:*




На веселбата во музичката куќа присутни се нотите: **до, ре, ми, фа, сол** и **ла**. Секоја од нив си има свое место во петолинието.

Придружи се на веселбата на нотите и испеј ја песната со литературен текст и солмизациски имиња.

## *Весела песна*

музика и текст: *С. Димова*






***Запомни!***

1. Нотите се запишуваат во линиски систем (петолиние) кој се состои од 5 линии и 4 празнини.

# Местото на нотите си1 и до2 петолинието

Убавата песна се слуша надалеку. На веселбата ќе се придружат уште две ноти: нотата си1 и до2. Тие ќе го заземат своето место во петолинието.






Нотата **си1** се пишува на третата линија од петолинието.
Нотата **до2** се пишува на третата празнина во петолинието.




Сега сите ноти се тука. Веселбата нека продолжи. Да запееме песна!

## *Солмизациска песна*

музика и текст: *С. Димова*




Цртичка, главичка, полна празна одлучи !
До, до, си, си, ла, ла, сол, ре, фа, ми, ре, до, до, до.

### *Задача:*

1. Во твојата музичка тетратка напиши ги сите изучени ноти.

# Блок флејта

***Да се потсетиме:***




Кога ги затворивте сите седум отвори и осмиот од долната страна на флејтата го добивте тонот **до1**.

Кога ќе го кренете малото прсте од десната рака ќе го добиете тонот **ре**.

Кога ќе го кренете мрзливецот од десната рака ќе го добиете тонот **ми**.

Кога ќе го кренете средниот прст од десната рака ќе го добиете тонот **фа**.

Кога ќе го кренете показалецот од десната рака ќе го добиете тонот **сол**.

Кога ќе го кренете мрзливецот од левата рака ќе го добиете тонот **ла**.

*Ајде да научиме како се свират тоновите **си1** и **до2**!*

Затвори ги дупчињата на флејтата со палецот и показалецот од левата рака! Го доби тонот **си1**.

Затвори ги дупчињата на флејтата со палецот и средниот прст од левата рака! Го доби тонот **до2**.



# ГРИФ ТАБЕЛА - Германски систем




Отворено ○ Затворено ●

# Мелодиски вежби со примена на нотите си1 и до2

*Мелодиска вежба бр. 1*



*Мелодиска вежба бр. 2*



*Мелодиска вежба бр. 3*



***Активности:***

1. Воочете ги нотите си1 и до2.
2. Интерпретирај ги вежбите вокално и инструментално!



# Примена на нотите си1 и до2 во песна

## *Тања пее*

(по ноти)

текст и муз: *Н.Мишченко-Водеб*




*Забелешка:*

Дозволено е менување на имињата во песната, според децата во одделението.



### *Задачи:*

1. Именувај ги нотните вредности застапени во мелодијата на песната „Тања пее“.
2. Запиши ги со цела нота именуваните ноти во литературниот текст на песната.



## *Учителке ти си мој свет*

(по слух)

умерено

текст и музика: *С. Димова*








За тебе пеам на глас,
те сакам учителке јас.
Со тебе цветен е мај,
за децата светот е рај.

*Рефрен*:
Учителке ти си мој цвет,
за моето срце си лек.
Те сакам бескрајно знај,
ти прегратка топла ми дај.







### *Активност:*

1. Биди креативен и направи честитка за твојата учителка.



# Такт

Музичката композиција е составена од повеќе мали делови, наречени тактови. Меѓусебе се одвоени со вертикални црти, наречени **тактови црти**.



**Такт** е мал дел од музичката композиција и претставува растојание од една до друга тактова црта.

На почетокот на тактот се пишува **тактова мера**. Таа ја определува должината на траењето на тактот и бројот на тактови времиња.

Тактовите времиња се: **силни *(нагласени)*** и **слаби** (***ненагласени)***.

Ги бележиме со овие знаци:

— **Теза (силно** или **нагласено** тактово време)

◡ **Арза (слабо** или **ненагласено** тактово време)

Бројот на силни и слаби тактови времиња го определува **тактовата мера**.

***Се пишува на почетокот во петолинието, по виолинскиот клуч. Таа го одредува ритамот на композицијата.***

**2 колку нотни вредности**

**4 какви нотни вредности**





# Дводелен 2/4 такт

***Активност:***

1. Изговори го литературниот текст со правилен акцент на зборовите:

*Денес деца песна пеам, сите велат дека смеам.*
*Сакам дружба , игра мила, зашто нам ни дава сила.*

Акцентот од зборовите во литературниот текст се совпаѓа со силните (нагласени) тактови времиња. Поради редоследот на силни и слаби тактови времиња, ритамот на зборовите ќе го запишаме во **2/4 такт**.




2/4 такт се тактира на два удари. Има едно силно и едно слабо тактово време. Основна тактова мера е четвртина нота.

**Четвртина нота трае еден удар - едно време.**




**2/4** такт е дводелен, рамноделен такт.
Збирот на нотните вредности треба да изнесува две четвртини ноти.

***Запомни!***

1. Дводелниот 2/4 такт за основна тактова мера има четвртина нота.
2. Содржи две тактови времиња и се тактира на два удари.

# Примена на 2/4 такт во ритмички и мелодиски вежби и песна

*Ритмичка вежба бр. 1*



*Мелодиска вежба бр. 1*



*Ритмичка вежба бр. 2*



*Мелодиска вежба бр. 2*







# *Прва, вшора*

музика и текст: *М. Васиќ-Сшефановска*




Прва, втора, лева, десна,
запеј сега нова песна.
Одам напред, нема назад,
ти да чуеш што ќе кажам?
Силно, слабо време имам,
така можам свет да минам.
Сите деца да ги видам,
така среќен јас ќе бидам.





***Задача:***

1. Пеј ја песната со ниско тактирање.





# Свириме во 2/4 такт

## *Прва, втора*






# *Есен*

муз: *Стефан М. Гајдов*
текст: *М. Ивановски*






## *Активност:*

1. Биди креативен и дај му нова облека на тажното есенско дрво.

- Изработи лист од хартија во форма и боја по избор. На него напиши или нацртај еден елемент од музичката писменост. Сите изработени листови од хартија залепете ги на хамер.

# Тиделен 3/4 такт



Изговори го текстот на ритмичката вежба ритмички точно и со правилен акцент на зборовите.

**Еден, два, три!**



Пр - ва и вто - ра и тре - та сум јас,
так - то - ва ме - ра за и - гра сум спас.
Еден, два, три, два, два, три, пеј ти на глас!
Но - во так - ти - ра - ње у - чам на час.

Текстот од бројалката **„Еден, два, три!“** е запишан во троделен такт, кој има три тактови времиња.

Ако тактовите времиња траат по еден удар ги бележиме со **3/4** тактова мера.

**3/4** такт се тактира на три удари. Има едно јако и две слаби тактови времиња. Основна тактова мера е четвртина нота.




**3/4** такт е троделен такт.
Збирот на нотните вредности изнесува три четвртини ноти.

***Запомни!***

1. Три четвртински такт за основна тактова мера има четвртина нота. Содржи три тактови времиња и се тактира на три удари.

# Примена на 3/4 такт
# во ритмички и мелодиски вежби и песна

*Ритмичка вежба бр. 1*



*Мелодиска вежба бр. 1*



*Ритмичка вежба бр. 2*



*Мелодиска вежба бр. 2*



*Ритмичка вежба бр. 3*



*Мелодиска вежба бр. 3*





# *Еден, два, три!*

Бројалка




Прва и втора и трета сум јас,
тактова мера за игра сум спас.
Еден, два, три, два, два, три, пејте на глас!
Ново тактирање учам на час.
Прва и втора и трета по ред,
запејте деца на целиот свет.





***Активност:***

1. Испеј ја песната во придружба на детски ритмички инструменти или ниско тактирање.





# Свириме во 3/4 такт

## *Валцер*





# Четириделен 4/4 такт

Ритмичката вежба е запишана во 4/4 тактова мера и содржи четири такта.






**4/4 такт** има четири тактови времиња:

**— силно ◡ слабо — силно ◡ слабо**

**Четвртина нота трае еден удар - едно време.**




**4/4** такт е четириделен такт.
Збирот на нотните вредности треба да изнесува четири четвртини ноти.

***Запомни!***

1. Четири четвртински такт за основна тактова мера има четвртина нота. Содржи четири тактови времиња и се тактира на четири удари.

# Примена на 4/4 такт во ритмички и мелодиски вежби

*Ритмичка вежба бр. 1*



*Мелодиска вежба бр. 1*



*Ритмичка вежба бр. 2*



*Мелодиска вежба бр. 2*





# *Четири по четири*

музика и текст: *В. Анѓеловска*




**Цр - ве - ни и зе - ле - ни, жол-ти, си - ни по - бе - ди.**
**Че - ка та - а трп - ли - во и - гра - та да за - поч - не.**






## *Активности:*

1. Изработи ритмичка вежба од четири такта.
2. Биди креативен и со примена на ИКТ изработи цртеж или апликација која ќе асоцира на 4/4 такт.







# Четири по четири

*свириме на детски инструменти*





# Музичко изразување и творење

Утврдување на видови тактови преку активност изразување и творење.

***Активности:***

1. Наставникот дава насоки и ги запознава учениците со начинот на реализација на активноста изразување и творење со игра плочка. Демонстрација на игра: **модел плочка**.



Се одредуват ( формираат) од три до шест групи.

Упатство за реализација на активноста:

Секоја група треба да изработи модел на игра **плочка** во која ќе бидат застапени сите видови тактови: 2/4; 3/4; 4/4.

Секоја група го презентира својот модел на **плочка.**

Од групно изработените модели се составува голем модел на **плочка** чиј начин на спојување е по избор на учениците.

Скокни во ритам, согласно тактовите во вашата плочка!

Ученикот има задача да ги препознае полињата со зададениот такт и на истите да скокне согласно бројот на тактовите времиња.

Учениците кои ја исполнуваат задачата добиваат усна повратна информација точно или неточно ја исполниле задачата од другите ученици.

# Тонска скала

Нотите напишани на петолиние имаат различно име и висина. Имињата на нотите ги одредува музичкиот знак, **виолински клуч**, кој се пишува на почетокот во петолинието. Кога нотите ги пееме и свириме ги викаме тонови. Секој тон има определена боја, траење, јачина и висина. Точната висина на тоновите се вика **интонација**.

Мелодиската низа од осум тонови, различни по име и висина се нарекува **тонска скала**. Таа претставува основна **музичка азбука**.

Тоновите во тонската скала ги именуваме вака:




***Активност:***

1. Пејте ја скалата нагоре и надолу со точна интонација.




***Задача:***

1. На осум картички со ланчиња од конец, напиши ги имињата на тоновите од тонската скала. Истите може да се претставаат со симбол по твој избор.

## ***Активност:***

1. Координатор на активноста е наставникот.
   - Осум ученици се наредени во права линија и напред ги носат изработените картички со имињата на тоновите. Секое дете треба да го отпее тонот што го носи неговото име.
   - Почнувајќи со ученикот што го носи името **до1**, секој ученик го кажува името на соседниот тон.
   - Секое дете треба да го отпее тонот чие име го носи.

Од оваа активност забележавме дека помеѓу тоновите има мелодиско растојание.

**Растојанието помеѓу два соседни тона се вика степен.**

Постојат два вида степени:

- **Половина степен**, растојание кое го бележиме со знакот ∧

- **Цел степен**, растојание кое го бележиме со знакот ⌣

Тонската скала во која има половина степени помеѓу тоновите што се наоѓаат на III, IV и VII, VIII стапало претставува **дурски род**.

Во тонската скала секој тон има свое место.

**Местото на тоновите во тонската скала се вика стапало.**

Стапалата се бележат со римски броеви:




## ***Запомни!***

1. **Тонска скала** е мелодиска низа од осум тонови различни по висина. **Првиот** и **осмиот** тон се истоимени.

# C-dur скала

Од секој тон на тонската скала може да се создаде нова скала која ќе го добие името по почетниот тон. Постојат два вида на именување на тоновите:

| Солмизациски (аретински) | и | Абецедни (латински) |
|---|---|---|

Сега ќе создадеме тонска скала од тонот **до**.
Бидејќи неговото абецедно име е **C**, тонската скала ќе ја наречеме:

**C-dur скала**



| до1<br>C | ре | ми | фа | сол | ла | си | до2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII (I) |

**Половина степени** во скалата **C-dur** има помеѓу тоновите:




стапала: III IV VII VIII

**Целите степени** се наоѓаат помеѓу тоновите:

до - ре, ре - ми, фа - сол, сол - ла, ла – си.
C
I II, II III, IV V, V VI, VI VII.



## Тетракорд




Тонската скала може да се подели на два еднакви дела кои ги нарекуваме **тетракорди**.

**Тетракорд (од грчките зборови tetra- четири и corda-жица) претставува низа од четири тона.**






### *Задачи:*

1. Напиши ја **C-dur** скалата и обележи ги тетракордите во различни нијанси.
2. Биди креативен и со употреба на ИКТ изработи цртеж на **C-dur** скала и нејзините карактеристики: имиња, стапала, степени и тетракорди.





## *Азбучна песна*

музика и текст: *С. Димова*




Прво јас сум стапало, второ оди по мене,
трето, петто, четврто,шесто, седмо се по ред.

Песна си запеавме, име си научивме,
сите ги наредивме, скала си направивме.




***Запомни!***

1. Абецедно именување на тонот **до** е С!



# Темпо



Во минатото комуникацијата помеѓу луѓето била по писмен пат, преку писма. Информациите пристигнувале **бавно**.



Денес современата компјутерска технологија ни овозможува **брза** комуникација.

За навремена и правилна извршена работа, битен фактор е брзината на пристигнување на информацијата.

За правилна изведба на музичката композиција, потребно е да се одреди соодветна брзина. За таа намена во музиката го употребуваме поимот **темпо**.

Композиторот согласно карактерот на композицијата го одредува видот на темпото. Ознаката за темпо се запишува на почетокот на композицијата над петолинието. Во музиката темпото може да биде:

**бавно,** **умерено,** **брзо**









## Зима

(II став од серенадата
за гудачки оркестар)



*А. Вивалди*

Во циклусот „Годишни времиња“ од Вивалди, опишани се четирите годишни времиња: пролет, лето, есен и зима. Преку употреба на музички изразни средства и употреба на соодветно темпо, Вивалди создал веродостојни тонски слики.

Композицијата е обоена со звукот на гудачките инструменти: виолини, виоли, виолончела и контрабас.

Во вториот став, „Зима“, мелодијата во бавно темпо ги доловува карактеристиките на еден зимски пејзаж: сивило на денот, натежнати снежни гранки, белината на снежните патеки, замрзнати реки, топење на мразот и паѓање на тешки водени капки.



### *Задача:*

1. Одреди го видот на темпото во композицијата.



# Метроном

*Дали знаеш?*



Метроном е направа со која се одредува темпото при изведба.

Јохан Непомук Мелцл (1771-1883) со помош на механичарот
Дитрих Николаус Винкл (1780-1826) го направиле првиот метроном.

Лудвиг ван Бетовен е првиот познат композитор кој го користел метрономот.

Модерните метрономи се електронски со кристали од кварц кои ја одржуваат прецизноста, слична на оние кои се користат кај рачните часовници.

Постојат и посовремени метрономи кои можат да дадат два или повеќе посебни звуци.







Јас си чу - кам ти - ка та - ка
да - вам ри - там е - ве ва - ка.
Пр - ва, вто - ра, тре - та, че - та
пеј и сви - ри ти без ма - ка.



# *Саат*




Ноќе, дење сал си чукам, тика, така, так.
Како вчера, така денес, така утре пак.
И ви велам вам, само тоа знам.



## *Активност:*

1. Интерпретирајте ја песната ритмички точно со придружба на детски ритмички инструменти кои ќе ги употребите на зборовите „тика, така, так, така утре пак, само тоа знам“.

# Вежби и песни со примена на различно темпо

(Свириме и пееме)

***Мелодија***

бавно

К.М.Вебер



умерено



*Мелодиска вежба бр. 1*

брзо



*Мелодиска вежба бр. 2*

брзо





# *Фармата на стариот Мекдоналд*

брзо - весело



# *Братче Мартин*

брзо




Братче Мартин, братче Мартин,
спиеш ли? Спиеш ли?
Часовникот чука, часовникот чука,
дин, дан, дон! Дин, дан, дон!





# Забавување и забрзување

Кога пееме или свириме се јавува потреба од постепено забавување или забрзување на изведбата на мелодијата- темпото. Овие промени ги обележуваме со музички поими и знаци.

## *Руска народна песна*






## *О, Сузана!*








### *Активности:*

1. Учениците треба да се поделат во три групи. Секоја група треба да има симбол за видот на темпото. За време на својата интерпретација го демонстрира симболот за да го најави темпото во кое ќе ја изведе мелодијата. Останатите две групи треба да изведат ритмичко движење во одредено темпо со придружба на ритмички инструменти.
2. Учениците може да ја интерпретираат мелодијата и со примена на знаци за забавување и забрзување. За оваа активност треба да бидат поделени во две групи.





# Валс








# Карневал на животните
# Камиј Сен-Санс



*Камиј Сен-Санс*

**Камиј Сен-Санс** е француски композитор. Во делото **„Карневал на животните“** со големо композиторско мајсторство, употребувајќи различни инструменти и други изразни средства, направил различни музички слики. Во нив ги претставил животните во една посебна свеченост - ***карневал под маски***. Во големата мешаница секое животно се крие под маска.

Веќе сте се запознале со „Маршот на лавовите“ чиј рик е претставен со звуците на пијаното. Карневалот е предизвик и за други животни. Дали музичкиот звук ќе создаде препознатлива слика за слушателот и ќе ги открие останатите животни под маски?

Тоа ќе го дознаете ако внимателно ја слушате музиката.





# Кенгури
# Камиј Сен-Санс

На карневалот на животни се и кенгурите. Карневалските маски не можат да ја сокријат нивната палавост и љубопитност. Весело потскокнувајќи, плашливо и несигурно ѕиркаат, сакајќи да бидат дел од забавата и настанот околу себе.

За да даде веродостоен опис на карактерните особености на кенгурите, композиторот користи музички изразни средства. Преку промените на брзина и јачина на звукот го опишува нивното движење, со инструмент чија звучност веќе си ја запознал.





## *Задачи:*

1. Според начинот на изведба, во кој вид музика спаѓа композицијата?
2. Именувај го инструментот со  кој се исполнува композицијата.
3. Слушај ја внимателно музиката и крени ја раката секогаш кога ќе забележиш дека се менува темпото (се забрзува или забавува).
4. При повторното слушање следи ја  динамиката на изведбата и именувај ја промената со соодветни динамички изрази или знаци.
5. Со кои изразни средства композиторот го доловува скокањето и љубопитноста на кенгурите?
6. Обиди се да создадеш приказна со наслов, Палавите кенгури, според слушаната музика или да направиш ликовна илустрација .





# *Нова ѓодина*

(по слух)

муз. *С. М. Гајдов*
текст: *В. Куновски*






Нова, нова годино, пееме на глас,
ечи песна најмила, подарок за нас.

Имаш снежна сила, ноќва што се свила,
ти си нова добра вила, прекрасна и мила.



## *Акшивносш:*

1. Интерпретирајте ја песната со придружба на ритмички ДМИ.
2. Поделете се во три групи:
   I група - ја пее песната со литературен текст;
   II група - ја придружува песната со ритмички ДМИ , на првото тактово време ;
   III група - (2-4 ученика) во четвртиот и осмиот такт, согласно ритамот на песната го изговораат текстот **дин дон, дин дон**.



## *Задача:*

1. Според текстот на песната обиди се да направиш драматизација или претстава на твојата новогодишна програма.





# *Снешко*

(по слух)

преработка на музика и текст: *Е. Глишиќ*




Дојди, дојди Снешко бел,
јас те чекам сѐ сум зел.
Ситен снежец ти ни дај,
санка јас си имам знај.

Дува ветре паѓа снег,
тој за мене ќе е лек.
Ќе се санкам јас до мрак,
топло ќе ми биде пак.





# Ѕвончињата ѕвонат











# Јохан Штраус



*Јохан Штраус*
(синот)

**Јохан Штраус,** помладиот (Johann Strauss 1825-1899), е познат австриски композитор, диригент и виолинист. Син на Јохан Штраус (постариот), кој се прославил со своите валцери и бил наречен „крал на валцерите“.

Иако постигнал  голем успех како музичар не сакал неговиот син да биде музичар. По желба на таткото, младиот Јохан станал банкар.

Волшебните звуци и ритамот на валцерите што ги слушал во детството, кај Јохан развиле љубов кон музиката. Со помош на својата мајка, а без знаење на татко му, Јохан земал часови по виолина и компонирање. Формирал свој оркестар со кој ги изведувал своите , но и делата на својот татко.

Подоцна станал диригент на дворските балови. Создавал музика за танц како што се валцери и полки. Некои од нив и денес се изведуваат. Едно од неговите познати дела е композицијата „Радецки марш“.





# Радецки марш
## Јохан Штраус
(синот)

Краткиот воведен дел помпезно го најавува свечениот карактер на композицијата. Поголема величенственост и дава звукот на дувачките инструменти. Нивната звучност и боја ненаметливо се забележуваат преку постепено динамичко нијансирање од **пијано** до **форте**. Во продолжение, главната мелодијата ја исполнуваат гудачки инструменти.

Во **форте** динамика, повторно се исполнува препознатливата мелодија (тема), почнувајќи со постепено динамичко нијансирање од **пијано** до **форте**.

Оваа композиција се наоѓа на репертоарот на традиционалниот Виенски новогодишен концерт, кој секоја година се изведува на 1 Јануари.

Можеби си ја слушал на телевизија или  на концерт. Слушајќи ја ќе го доживееш карактерот на мелодијата. Таа ќе ти открие зошто и денес луѓето уживаат во неа.





***Задачи:***

1. Одреди го видот  на музиката според начинот на изведба.
2. Каква е по карактер композицијата „Радецки марш“?
3. Одреди кое од наведените темпа го препознаваш во композицијата:
   а) бавно;   б) умерено;   в) брзо.
4. Именувај ги основните видови на динамика во делото.
5. Придружувај ја мелодијата со плескање на рацете секогаш кога ќе воочиш  изведба на мелодијата во **форте**.



# Фраза (двотакт)

***Да се потсетиме:***

1. Музичките композиции се составени од помали и поголеми музички целини.
2. Најмал дел од музичката целина е мотив.
3. Како што од зборови градиме говорни целини и литературни дела, така од мотиви градиме музички целини и музички дела.

**Мотиви од зборови**




**Зима, зима, снегот снежи, студот стега секој бега.**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зима | зима | снегот | снежи | студот | стега | секој | бега |

**Мотиви од ноти и зборови**




## *Зима*




***Задачи:***

1. Изразно прочитај го текстот на песната „Зима“.
2. Пеј ја песната „Зима“ со јасна дикција и динамичко нијансирање.

## *Активности:*

1. Определи ги стиховите - фрази во литературниот текст на песната.
2. Наставникот да ги интерпретира фразите со нотен текст, а учениците да ги повторуваат со литературен текст.
3. Одредете ги музичките целини составени од два мотиви.




**Музичката целина составена од мотиви се вика фраза (двотакт).**

## *Запомни!*

1. Фраза е музичка целина составена од мотиви. Најчесто трае два такта.



# Утврдување на музичките целини мотив и фраза

Во дадените шеми со текстуални и музички примери, одредени се музичките целини мотив и фраза.

**Мотиви од зборови** **Мотиви од зборови**




**Фраза од зборови** **Фраза од зборови**

 

**Фраза од ноти** **Фраза од ноти**

 

јас-сум ју - нак, си-лен здрав, че-кам зи-ма не-мам страв.

**Фраза од ноти и зборови** **Фраза од ноти и зборови**



***Задача:***

1. Во останатиот дел од песната „Снешко“ (стр. 49) направи анализа и определи ги:
   - мотивите од зборови,
   - мотивите од нотите,
   - фразите од зборови,
   - фразите од нотите.







# *Приспивна песна*

*Ј. Филип*






## *Задачи:*

1. Следете го нотниот текст на композицијата „Приспивна песна“ и внимателно слушајте ја музиката.
2. Чујте ги и воочете ги музичките фрази.
3. Колку вкупно фрази има во композицијата?
4. Дали има повторување на музички фрази?
5. Обидете се да ја  отпеете мелодијата на песната.

# Динамика

## *Да се потсетиме:*

1. Во песната **„Ехо“** со примена на динамичките знаци **f-forte** и **p-pijano**, композиторот направил веродостојна имитација на ехо. Во музиката знакот **f-forte** значи **силно**, а знакот **p-pijano** значи **тивко** пеење или свирење.

## *Ехо*

*Карл Марија Вебер*




Во парк, во парк, во парк, во парк,
во убав цветен парк, хај, хај, хај, хај
Чуј ехов звук, чуј ехов звук,
во парк, во красен парк,
во парк, во красен парк.

| f | p |
|---|---|
| **forte - силно** | **pijano - тивко** |

## *Активност:*

1. Испеј ја песната со примена на динамичките знаци **f**, **p** и направи имитација на ехо.

***Препорака:***

Учениците може да се поделат во две групи. Едната група ќе ја пее музичката целина означена со знакот **f** форте, а другата група, целините означени со знакот **p** пијано.

По желба на учениците може да се сменат улогите.

# Динамички нијанси

Понекогаш композиторите своите идеи, чувства и доживувања ги искажуваат со постепена промена во јачината на звукот. Таа може да се намалува или да се зголемува. Јачината може да ја достигне звучната кулминација и повторно да се врати назад.

За таа промена во музичката литература се применуваат музички знаци.

Постепеното намалување на јачината на звукот се обележува со знакот **декрешендо**.




Постапното зголемување на јачината на звукот се обележува со знакот **крешендо**.










# Утро од суитата „Пер Гинт“
## Едвард Григ

Едвард Григ бил љубител на природата. Се восхитувал на убавината на природата што таа му го нуди на човекот. Убавината на сончевото утро, композиторот Едвард Григ ја претставил во „Утро“, од суитата „Пер Гинт“. Раѓањето на новиот ден композиторот го претставил со умерено темпо и промена на јачината на звукот.

Преку мелодијата на слушателот му го опишал моментот на продирање на утринските сончеви зраци и спокојството на утрото. Едвард Григ дал веродостојна музичка слика на убавините и започнувањето на денот.





***Задачи:***

1. Воочи ги и именувај ги постепените промени на јачината на изведбата во композицијата.
2. Преку ликовно или литературно изразување опиши како го доживуваш новото утро според слушнатата музика.

# Ехо
## Орландо ди Ласо

Орландо ди Ласо е композитор роден во Белгија. Живеел во **XVI век** наречен **ренесанса**. Бил музички образован и како дете пеел во детскиот хор во црквата Св. Никола во родното место Монс. Неговиот убав глас го забележал вицекралот од Сицилија и го однел во Италија. Таму престојувал подолг период во повеќе градови. Подоцна работел во Холандија, Англија и во Германија каде живеел и творел до крајот на својот живот.



*Орландо ди Ласо*

Напишал повеќе од 2000 дела во повеќе жанрови посветени на световната и духовната музика. Повеќето од нив се посветени на човечкиот глас и хорското пеење.

Делото **„Ехо“** е наменето за хор. Во оваа композиција Орландо ди Ласо, успеал да го долови ехото на гласовите.Тоа го постигнал со имитација на фразите и динамички промени f- forte и p- pijano. Слушај ја музиката и обиди се да ги доживееш динамичките промени.

### *Задачи:*

1. Одреди го видот на музичкото дело според начинот на изведба.
2. Преку кое изразно средство ни го доловува композиторот **ехото** ?
3. Именувај ги видовите динамика во слушаната музика.
4. Со кој вид на динамика композиторот го претставува **гласот**, а со кој **ехото**?
5. При следното слушање претстави ги со симболи динамичките промени. На пример:
   - со високо крената рака и отворена дланка - **f**;
   - со пониско кренатa рака и затворена дланка - **p**.

# Знаци за продолжување на нотната вредност

## *Да се потсетиме:*

1. Трајноста на нотата може да се продолжи на повеќе начини и со различни знаци.

знакот 𝄐 **корона**
ја продолжува трајноста на нотата приближно двојно од неговата вредност.





Короната најчесто се употребува на крајот на музичката композиција, но може да се употреби и во текот на композицијата на места каде што композиторот сака да заокружи една музичка мисла.

*Пример:*



## Часовник




## *Задачи:*

1. Пеј ја песната „Часовник“ со примена на знакот корона!



# Продолжување на нотната вредност со лак и точка

Знакот ‿ **лак**
поврзува две нотни вредности. Траењето на првата се продолжува со траењето на втората нотна вредност. Со овој знак се поврзуваат тонови со иста висина, но со различна или иста нотна вредност.



Пример:



**1 + 1 = 2** **2 + 1 = 3** **2 + ½ = 2½**

**Знакот** ● **точка**
ја продолжува нотната вредност за половина од нејзиното траење.





**4 + 2 = 6** **2 + 1 = 3** **1 + ½ = 1 ½**



***Задачи:***

1. Создади вежби во 2/4, 3/4 и 4/4 такт со примена на знаци за продолжување точка и лак.



# Примена на знаци
# за продолжување на нотните вредности
# во мелодиски вежби и песни

*Мелодиска вежба бр. 1*



*Мелодиска вежба бр. 2*

Г.Ф.Хендел



## *Еро од оној свет*
(опера)

*Јаков Готовец*



## *Што чудо станало*

*народна песна*







## Пееме и свириме

### *Малките моми*

(по ноти)

*народна песна*




На сека мома по едно момче.
На бела Рада црно Арапче,
Па се чудила што да му прави.
Два дни го мила три дни го трила ,
Па го качила на бела коња
Коњ се белее, он се црнее.





### *Задачи:*

1. Во кои тактови има продолжување на нотната вредност?
2. Кој знак за продолжување е употребен во првиот ред, а кој во вториот ред на песната?
3. Песната свири ја и пеј ја ритмички точно.



# Јоханес Брамс



*Јоханес Брамс*

**Јоханес Брамс** (1833-1897) е познат германски композитор. Живеел во време кога композиторите во своето творештво ги искажувале своите моментални чувства, најчесто инспирирани од убавините на природата, интересни случки и настани.

Јоханес не потекнува од богато семејство. Уште како мал имал желба да научи да свири на пијано. Се образувал сам, а заработувал свирејќи до касно во ноќта по гостилниците.

Својот прв концерт го одржал кога имал само 15 години. Подоцна живеел и творел во Австрија. Во неговото творештво доминираат композициите за возрасни, но не ги заборавил и најмладите слушатели и исполнители.



Со најмладите пријатели - децата, често другарувал и неизмерно ги сакал. Тоа му помогнало да го запознае нивниот свет, потреби, желби и мечтаења.

Добро познатата желба на детето со песна да заспие во прегратките на својата мајка, била инспирација за композицијата „Приспивна песна“. Своите уметнички вредности ги прилагодил на возраста на децата. Преку лесно певлива мелодија ја опишал големата нежност и топлина на мајката кога го заспива своето дете. Звуците на пијаното и гласот, умерената динамика и темпо во композицијата, го доловуваат мирниот и приспивен карактер на музиката.



# Приспивна песна



Композицијата „Приспивна песна“ е напишана за интерпретација на женски глас, во придружба на пијано. Нејзината мелодија плени со милозвучност. Преведена е на многу јазици и обработена за детски хор.

Прочитај го текстот на песната. Тој ќе ти помогне во доживувањето и одредувањето на карактерот на делото.

*Јоханес Брамс*




Утре штом низ прозор твој,  
сончев ѕирне зрак,  
в игри, песни, детски пој,  
бодар весел ќе си пак.

Добра ноќ.......





***Задачи:***

1. Во кој вид на изведба спаѓа композицијата:
   а) вокална б)инструментална в) вокално-инструментална ?
2. Каква е по карактер оваа композиција?
3. Одреди го основниот вид на темпото на изведбата .
4. Именувај ја динамиката со која се исполнува оваа песна.
5. Објасни зошто композиторот применил различно темпо и динамички промени во песната?
6. Обиди се со помош на наставникот и во соработка со другарчињата да направиш драматизација на песната, притоа иразувајќи ги точно темпото и динамиката.





# Интервали

Во наставната содржина за тонската скала научивте дека мелодиското растојанието помеѓу два соседни тона се вика **степен**. Има **половина** и **цел степен**.

***Активност:***

1. Координатор на активноста е наставникот.
   - Осум ученици се наредени во права линија и напред ги носат изработените картички со имињата на тоновите. Секое дете треба да го отпее тонот што го носи неговото име.
   - Почнувајќи со ученикот што го носи името до, секој ученик го кажува името на било кој тон од тоновата скала. Ученикот кој е повикан треба да го отпее тонот чие име го носи, со помош на останатите ученици од одделението и наставникот.

**Растојанието помеѓу кои било два тона во тонската скала или мелодија се вика интервал.**
**Секој интервал има свое име и големина.**

Тоновите на интервалот може да ги пееме или свириме посебно, (еден по еден) или заедно (истовремено двата тона).




***Запомни!***

1. Растојанието помеѓу кои било два тона во тонската скала или мелодија се вика интервал.

# Интервал прима

### *Активност:*

1. Испејте ја тонската скала во нотни траења по ваш избор, повторувајќи го секој тон по два пати.



Забележуваме дека помеѓу тоновите: до- до, ре- ре, ми- ми, фа-фа, сол-сол, ла-ла, си-си, нема мелодиско растојание, туку само повторување на тонот.

**Мелодиско растојанието помеѓу кои било два тона со исто име и висина се вика прима.**

## *Јас сум прима*




### *Задача:*

1. Во музичката тетратка со цели нотни вредности напиши интервал прима од секој тон на тоновата скала.

### *Запомни!*

1. Мелодиско растојанието помеѓу кои било два тона со исто име и висина се вика прима.

# Интервал секунда

Растојанието помеѓу два соседни тона во тонската скала го нарековме степен.

**Мелодиско растојанието помеѓу два соседни тона во тонската скала се вика секунда.**

***Активност:***

1. Испејте ги секундите во тонската скала во нотни траења по ваш избор.



## *Соседи*




***Задача:***

1. Во музичката тетратка со цели нотни вредности напиши интервал секунда од секој тон на тонската скала, нагоре и надолу.

***Запомни!***

1. Мелодиско растојанието помеѓу два соседни тона во тонската скала се вика секунда.

# Интервал октава

***Активности:***

1. Напишете ги нотите до1 и до2.
2. Именувајте и испејте ги нотите кои се наоѓаат меѓу нив.
3. Дали постои мелодиско растојание?
4. Откријте за колку тона се оддалечени тоновите еден од друг.





Помеѓу тоновите до1 и до2 има мелодиско растојание од осум тона. Тоа мелодиско растојание се вика **октава**. За разлика од интервалот прима каде што тоновите имаат исто име и висина, кај октавата тоновите се истоимени, но со различна висина .

**Мелодиско растојанието помеѓу два тона со исто име, но различна висина (растојание од осум тона) се вика октава.**

## *Исто име имаме*




***Запомни!***

1. Мелодиско растојанието помеѓу два тона со исто име, но различна висина ( растојание од осум тона) се вика октава.

# Примена на интервали прима, секунда и октава во мелодиски вежби

*Мелодиска вежба бр. 1* *С. Гајдов*



*Мелодиска вежба бр. 2*



*Мелодиска вежба бр. 3*



*Мелодиска вежба бр. 4*



***Задачи:***

1. Воочи ги интервалите во мелодиските вежби.
2. Свири ги мелодиските вежби.



# Фолклор

## *Да се потсетиме:*

Сето она што го создал народот и што претставува негово традиционално обележје се вика народно творештво. Преку народното творештво народот ја претставувал и негувал својата култура и традиција.

Поимот ***фолклор*** значи народно творештво (традиција). Потекнува од два збора ***Follk*** што значи народ и ***llore*** што значи творештво. Поимот ***фолклор*** е универзален збор во целиот свет.

Народната култура човекот ја создава уште од најраните времиња, со борба за опстанок низ вековите. Творецот својата дарба ја изразувал преку литературата, архитектурата, песната, орото, носијата, народниот инструмент, везот, различните занаети и други изливи од неговото големо срце.





# Елементи на фолклорот



*стара куќа*

## Тешко и лесно

народна приказна

Еден човек запрашал некој мудрец:
- Кажи ми, мудрецу, што е лесно, а што тешко?

Мудрецот му одговорил:
- Да даваш совети е многу лесно, а да постапуваш по нив, е многу тешко.



*гајда*

## *Предание*

Народното предание вели дека пред боењето на велигденските јајца, домаќинката треба да касне барем еден залак леб. Доколку не го направи тоа јајцето ќе ја загуби својата моќ.



*грнчарство*



*манастир Св. Јоаким Осоговски*





*носии*



*накит*



*зурла и тапан*



## *Активност:*

1. Поделете се во пет групи. Од дадените елементи на фолклорот, секоја група нека направи множество:
   - I група- архитектура
   - II група- литература
   - III група- занаети
   - IV група- музичко народно творештво
   - V група- ракотворби



*вез*



## *Задача:*

1. Секоја група нека истражува за својот елемент од фолклорот и на следниот час со помош на наставникот и примена на ИКТ учениците да направат брошура.





# Музички фолклор

## *Да се потсетиме:*

Народните песни, инструменти и ора претставуваат музичко народно творештво.Тие се дел од фолклорот и се нарекуваат **музички фолклор**.

Поимот **музички фолклор** значи музичко народно творештво. Народните песни и ора меѓу народот често се нарекуваат **народна музика**. Песната била дел од секојдневниот живот на народот. Народниот творец пеел, свирел и играл. Така ја прикажувал својата тага, радост, љубов и слобода. Бидејќи мелодијата на народните песни и ора не била запишувана, таа се пренесувала усно од поколение на поколение. Во поново време, со цел да се заштити оригиналноста на народните песни и ора се прават нотни записи.





# Елементи на музички фолклор



гајда

## Ајде ред се редат кочански сејмени
(народна песна)

Ајде, ред се редат, мале
ајде, ред се редат
кочански сејмени, мила мамо,
кочански сејмени.

Ајде, ќе ми одат, мале,
ајде, ќе ми одат
покрај Крива Река, мила мамо,
покрај Крива Река.

Ајде, ќе го барат, мале,
ајде, ќе го барат,
Ињо арамија, мила мамо,
Ињо арамија.



дудуче



мешано оро

## Крај Вардара седеше
(народна песна)

Крај Вардара седеше,
алтан капче везеше,
шеќерџиче, јабанџиче,
да пукнеш ќе те земам.

Алтан капче везеше,
дробни солзи ронеше,
дробни солзи ронеше,
луто мајка колнеше.



женско оро



тапан



зурла



тарабука



машко оро





дајре

## Рум, дум, дум
(народна песна)

Зурли трештат на сред село,
тапан чука рум, дум, дум.
Млади моми и ергени,
до две ора вијат.

Оздол иде стар бел дедо,
засукал мустаќи,
право трга на орото,
и он да се фати.

Го здогледа баба Неда,
за рака го фати,
каде одиш старо аро,
оро да им грдиш.



кавал



тамбура



македонска гусла
(кемане)

### Активност:

1. Именувај ги елементите на музичкиот фолклор.
2. Поделете се во три групи. Од дадените елементи на музичкиот фолклор секоја група нека направи множество:
   I група- народни песни ;
   II група- народни инструменти;
   III група- народни ора.

### Задача:

1. Секоја група нека истражува за својот елемент од музичкиот фолклор. На следниот час со помош на наставникот и примена на ИКТ направете албум.



# Народни песни

Народната песна е дел од музичкиот фолклор. Таа е тесно поврзана со животот на луѓето, нивните обичаи, празници и празнувања. Преку неа се искажани различни чувства и желби. Опеани се маките и страдањата на народот низ векови, љубовта кон татковината и своите најблиски, разни случувања додека работеле, нивните обичаи и традиција. Но, често пати ја изразувале и својата шегобијност.





## Семејни народни песни

Во семејните песни се пее за животот на семејството и односите помеѓу членовите во семејството. Тука спаѓаат и песните што се пеат во кругот на семејството.

### *Сестра кани брата на вечера*

народна песна




## Љубовни народни песни

Мотивите во љубовните песни се различни. Најчесто се пее за љубовта меѓу момче и девојче, за нивната прва средба како и за пречките на кои наидуваат во љубовта.

### *Назад, назад Калино моме*

народна песна








## Шегобијни народни песни

Шегобијните песни најчесто се пееле на седенки. Во нив на шегобиен начин се опишува некој настан или личност.

### *Куќа имам на Пелистер*

народна песна




## Револуционерни народни песни

**ајдучки** | **комитски** | **партизански**

Содржината на револуционерните песни е поврзана со борбата на народот за ослободување од окупаторот. Честопати се опишани борбите или се опеани славните јунаци.

### *Послушајте патриоти*

народна песна





## Трудови народни песни

**овчарски** | **печалбарски** | **жетварски** | **аргатски**

Трудовите песни народот ги пеел додека ги обавувал земјоделските и сточарските работи, но и кога одел на печалба.

### *Туѓината, пуста да остане*

народна песна




## Обредни народни песни

**коледарски** | **лазарски** | **велигденски** | **ѓурѓовденски** | **додолски**

Обредните песни ги опишуваат празниците и празнувањата кај различните културни заедници.

### *Ој, Лијарче*

народна песна








## Обичајни народни песни

**свадбарски** | **здравици** | **тажачки**

Обичаите на луѓето од различни краеви се опеани во обичајните песни.

## *Врана коња јавам ја*

народна песна




На сред село тапан чука, оро се вие.
На сред село тапан чука, оро се вие.
Оро се вие, мома водеше,
мома водеше, оро красеше.

Татко и ја дава в село не ја дава.
Татко и ја дава, в село не ја дава.
В село не ја дава, оти е убава,
оти е убава, бела ем црвена.

Ќе умрам мајко загинам, без неа дома не одам.
Ќе умрам мајко загинам, без неа дома не одам.
В село слуга ќе бидам, само неа да земам,
в село слуга ќе бидам, само неа да земам.



### *Активност:*

1. Биди креативен и со помош на наставникот направи драматизација на една обредна песна.



### *Задачи:*

1. Наброј ја поделба на народните песни според содржина.
2. Поделете се во седум групи. Секоја група нека истражува за еден вид песна. Со помош на наставникот и примена на ИКТ направете песнарка.



# *Јас те пратив на вода Калино*
(по слух)

народна песна




Јас те пратив на вода, Калино.
Ти на вода одиш, бело лице миеш,
по ергени гледаш мори, Калино.

Пусто да остане мамо лицето.
Кога него нема либе да го љуби,
тебе не те слушам мори, мамо ле.

Јас те пратив на лозје, Калино.
Ти на лозје одиш, бело грозје береш,
на ергени даваш, мори, Калино.

Пусто да остане мамо лозјето.
Кога него нема, ерген да го јаде
тебе не те слушам мори, мамо ле.


*Водарки*

## *Активност:*

1. Формирајте четири групи ученици.
   - Првата група треба да ги пее строфите од песната во кои се обраќа мајката на Калина.
   - Втората група ги пее строфите од песната во кои се обраќа, Калина.
   - Третата група е инструментална придружба во која се опфатени ученици кои имаат поголем афинитет кон свирењето.
   - Четвртата група има задача да направи кореографија според содржината на песната.



# Тешкото
## (народно оро)



***Да се потсетиме:***

Во народно творештво спаѓа се она што низ векови создавал еден народ:

- умотворби (гатанки, поговорки, легенди, бајки)...
- ракотворби (ќилими, носии, накит)...
- народна музика (песни, ора и народни инструменти)...

Преку музиката народниот пејач ги искажувал чувствата на радост, среќа, тага, болка и желби, но опишувал и историски настани и секојдневни случувања.

Различната кореографија на ората е израз на чувства и збиднувања поврзани со секојдневниот живот на човекот.

## *Тешкото*
### (химна на тежината собрана во македонските души)

**Македонското оро, Тешкото,** се смета за едно од најубавите и најтешките македонски ора. Се поврзува со печалбарството како судбина на луѓето во Македонија. Орото потекнува од моментот кога печалбарите од Лазарополе, Галичник, Гари и други мијачки села, заминувале на печалба. Се играло на крајот на селото, на местото каде печалбарите се разделувале со најблиските пред да тргнат на исцрпувачка работа во туѓина.

На верскиот празник Петровден, печалбарите се враќале во родниот крај за да учествуваат на свадбите на своите роднини.

Ударите на тапанот и пискотот на зурлите го означуваат почетокот на орото. Со бавни движења играорците формираат круг. Ороводецот дава знак со шамивчето и играорците се фаќаат за раце. Со смиреност и достоинство започнува танецот со приказна за мачниот живот на македонскиот народ. Динамиката на играта и изедначениот ритам ја нарушува моментот кога ороводецот ќе се качи на тапанот. Оваа симболика го претставува повикот за победа отпор кон маките, страдањата и тешкотиите. Во продолжение играта добива забрзан ритам. Секој играорец за миг е ороводец, го прима марамчето, го води орото и го предава на следниот. Начинот на играње и звукот и ритамот што го создаваат зурлите и тапанот, создава возбудлива атмосфера. Со тек на времето „Тешкото“ прераснува во химна, не само на печалбарството, туку и на сета тежина и горчина собрана во македонските души низ многу векови робување.



**„Тешкото“** и неговите елементи станале неисцрпен и инспиративен мотив.

Напишани се многу литературни песни и раскази, снимени се филмови, создадени се дела на класична музика и новосоздадени народни и забавни песни.

Во доживувањето на карактерот на орото ќе ти помогнат и стиховите на писателот Блаже Конески:

***... „Синџир ти беше на робја,***
***дур не стана народ во листена гора,***
***се дури со јадот од векови собран***
***не поведе бујно, бунтовничко оро!***
***Се залула танец низ крвја и оган***
***и повик се зачу и грмеж во чад***
***те разнесе сегде бунтовната нога***
***по родниот кат!“...***



*Тешкото народно оро*



## *Задачи:*

1. Именувај ги инструментите со кои се изведува орото.
2. Во кое темпо започнува орото, Тешкото?
3. Дали темпото се забрзува или забавува при понатамошна изведба?
4. Именувај ги наведените динамички ознаки кои ги препознаваш во изведбата на орото: **p** <, **f** >.
5. Објасни што се изразува со промената на темпото и динамиката во орото?
6. Обиди се заедно со наставникот и другарчињата да заиграш на звуците од орото.



# О, Сузана

американска песна








# Музичко изразување и творење

Музичко изразување и творење на тема музички форми.

***Активност:***

1. Определи ги говорните целини - фрази во литературниот текст на песната.

    *Дојде, дојде, пролетта, убава и мила.*

    *Птиците долетаа, нови гнезда свија.*

    На овој текст има и мелодија.

## *Пролет*




2. Обиди се да ги подредиш правилно музичките целини - фрази според литературниот текст и ќе ја добиеш мелодијата на песната.
3. Биди креативен и напиши уште еден текст за песната „Пролет“.
4. Поделете се во три-четири групи и пејте ја песната со придружба на детски музички инструменти.



# *Голем ден - Велигден*
(по слух)





*музика и текст: И. Пецевска*




Корпички шарени
ајде да земеме,

дарови велигденски,
во нив ќе полниме.

*Рефрен:*
Христос Воскресе ...



### *Активност:*

1. За време на велигденските празници, истражувај и собирај информации за народните обичаи и изработи презентација (модел по твој избор).





# Пештерата  на шумскиот крал од суитата „Пер Гинт“ на Едвард Григ



*Едвард Григ*

Едвард Григ е норвешки композитор. Во своето творештво често користи норвешки народни песни и стари танци. Тој напишал музика за драмата „Пер Гинт“. Преку различни мелодии (теми) ни доловува случки од животот на младиот селанец  Пер Гинт.

Пер  растел и живеел во колиба во шума, мечтаејќи за разни авантури. Кога пораснал честопати талкал низ светот каде што доживувал разни авантури. За да ги долови тие случувања, композиторот користи различни инструменти и мелодии.



*Пер Гинт*



*цуциња „Тролови“*



# Пештерата на шумскиот крал IV-дел од суитата „Пер Гинт“

Пер се запознава со шумскиот крал кој живее во пештерата. Неговото кралство го чуваат џуџињата, тролови. Шумскиот крал посакува својата ќерка да ја омажи за Пер. Но, тој не ја сака и ја одбива понудата на кралот. Џуџињата го напаѓаат Пер и го совладуваат. Во тој миг ѕвонат камбаните од блиската црква. Џуџињата се исплашени бегаат, а пештерата се урнува.







## *Задачи:*

1. Именувај го видот на музичкото дело, според начинот на изведбата.
2. Одреди го основниот вид на темпото со кое започнува делото.
3. Именувај ги промените на темпото во композицијата.
4. При повторното слушање обиди се да ја следиш динамиката на изведбата и да ја именуваш промената со соодветни динамички изрази.
5. Со какво темпо и динамика започнува и завршува делото?
6. Обиди се да објасниш зошто композиторот го менува темпото и динамиката во музиката?





# Двогласно пеење

## *Да се потсетиме:*

Тоновите на интервалите ги изведуваме одделно (еден по еден) или истовремено (заедно). Ваков начин на изведба се применува и во пеење и во свирење на мелодиите.

Истовремено пеење на две мелодии се вика **двогласно пеење**.

Во двогласното пеење пејачите се делат во две групи. Групата што ја пее горната мелодија е **прв глас**, а групата што ја пее долната мелодија е **втори глас**. Ваквиот начин на пеење се сретнува и во секојдневието.

Во двогласното пеење првиот и вториот глас може да почнат **истовремено**. *На пример:*

**први глас**
**втори глас**



Или еден по друг. *На пример:*

**први глас**
**втори глас**



Кога гласовите почнуваат **еден по друг но пеат иста мелодија** тогаш станува збор за посебен начин на пеење. *На пример:*

**први глас**
**втори глас**



Ваков начин на пеење се **вика канонско пеење.**

> **Канон** е вид повеќегласна изведба. Една иста мелодија ја пеат два или повеќе гласови почнувајќи и завршувајќи во различно определено време.





# Двогласно канонско пеење



***Активност:***

1. Отпејте ја песната „Канон Медо и мед“ која ја научивте како едногласна песна во IV-одделение. Во дадениот пример песната е напишана во два гласа. Поделете се во две групи.
2. I група- нека започне да ја пее песната;
3. II група- нека започне да ја пее песната по испеаната мелодија на текстот „Сака медо, мед да јаде“ како во дадениот пример;

## *Канон Медо и мед*

(по слух)




Сигурно забележавте дека првиот глас песната ја започна прв, но и ја заврши прв. Додека вториот глас започна подоцна, во одредено време и исто така заврши подоцна. Ова пеење се нарекува канонско двогласно пеење.







# Канон

Нотниот текст на канонот во повеќето примери се запишува едногласно. Местото на почетокот на вториот глас се обележува со број, како во дадениот пример:

## *Овчарска песна*

(канон, по ноти)




Во овој пример, канонот е двогласен. Канонот може да биде тригласен, четиригласен и повеќегласен.



***Активност:***

1. Научете ја песната едногласно со нотен текст.
2. Поделете се во две групи и пејте ја песната со нотен текст како двогласен канон.

> ***Препорака:***
> Обидете се да направите вокално- инструментална изведба (едната група нека пее, а другата нека свири).

# „Излегол Делчев војвода низ тоа поле битолско“

(народна песна)

Излегол Гоце прошетал,
низ тоа поле битолско.
Што чудо Гоце ми видел,
девет синџира со робје.

Трите синџири најнапред,
се млади моми, момчиња.
Трите синџира они се,
со старци и со старици.



*Васка Илиева*

Трите синџира најназад,
саде се млади невести.
Саде се млади невести,
со машки деца на раце.

Кога ги виде старците,
крвави солзи пророни.
Кога ги виде децата,
од срце Гоце заплака.



*Гоце Делчев*

Гоце на паша говори,
мијазин море Ефенди,
робјето ослободи ги,
оти ќе платиш со глава.

интерпретација ***Васка Илиева***

***Задачи:***

1. Според поделбата на песни по содржина, на која група на песни и припаѓа „Излегол Делчев Војвода низ тоа поле битолско“?
2. Истражувај за други народни песни во кои е опеан македонскиот револуционер, Гоце Делчев.
3. Изработи песнарка од народни песни со патриотска содржина.



# *Сонце*

(по ноти)

музика: *Стефан Гајдов*
текст: *Душко Аврамов*








## *Активност:*

1. Интерпретирај ја песната по ноти, ритмички и мелодиски точно со примена на дадените музички елементи: темпо, динамика и знак за забавување.

## *Задача:*

1. Анализирај го нотниот текст на песната и откриј го:
   - Видот на темпо;
   - Видот на динамика;
   - Музичките писмени знаци, ноти и паузи;
   - Знакот  за продолжување на нотните вредности.



# Николај Римски Корсаков



*Николај Римски Корсаков*

Николај Римски Корсаков (1844-1908) е руски композитор и педагог. Љубовта кон музиката кај него се раѓа во раното детство. Но, поради желбата на неговите родители тој се запишува во поморското училиште. Истовремено учи пијано и музичка теорија. На 17 години го запознава композиторов Балакирев. Тој го воочил талентираниот Корсаков и му дава голема поддршка во понатамошната музичка дејност. По создавањето на првата руска симфонија, Корсаков станува член на групата најпознати руски композитори наречена „Руска петорка“.

Во своите дела користел мотиви од рускиот фолклор, а најчесто од народните легенди и приказни. Инспириран од легендата „Шехерезада“, создава композиција во која се претставени неколку приказни од „1001-на ноќ“. Операта „Приказна за царот Салтан“, е една од неговите познати дела.

Кратка содржина на операта **„Приказна за царот Салтан“**.

Во земјата на царот Салтан се прочуло дека царот сака да се жени. Најмалата од трите сестри ветила дека доколку стане царица ќе му роди син наследник - храбар витез. Поради нејзиното ветување, желбата и се исполнила. Царот Салтан ја одбрал за жена. Наскоро заминал во војна. Во меѓувреме царицата го раѓа синот. Завидливите сестри му испратиле писмо на царот дека неговата жена родила чудовиште. Царот наредил детето и царицата да се стават во буре и да се фрлат во море. Протерани од своето царство тие исполовиле на еден остров.



По многу години, царскиот син, Гвидон, по сите страдања посакал да го види својот татко, родната земја и царскиот престол. Принцезата Лебед, сожалувајќи се на Гвидон, го попрскала со морска вода и го претворила во бумбар. Така тој можел да ги следи царските бродови кои минувале покрај островот Бујон и да стасаат до царството на цар Салтан.

Гвидон и неговата мајка го чекаат пристигнувањето на царот Салтан кој по долго-очекуваната средба, покајнички побарал прошка за сите неправди што им ги нанел. На свадбата на Гвидон и принцезата Лебед, а поради големата веселба и неизмерна среќа, двете сестри добиле прошка.



# Бумбаров лет






Оваа позната и виртуозна мелодија е предизвик на многу инструменталисти. Од тие причини е прилагодена за изведба на различни инструменти: пијано, кларинет, флејта, саксофон и хармоника.



## *Бумбаров лет*

(сцена од операта „Приказна за царот Салтан“)

Користејќи ги музичките изразни средства, Корсаков направил музичка слика на патот и летањето на бумбарот до царскиот дворец. Средбата со царот Салтан и летањето околу неговата глава, впечатливо е претставено со промена на темпото и динамиката. Атмосферата на нетрпеливост кога царот сака да го протера бумарот, создава вознемиреност, иако во композицијата изобилува ведрина..





### *Задачи:*

1. Именувај го видот на темпото на композицијата.
2. Преку цртеж искажи што чувствуваш додека ја слушаш композицијата.



# Музичко изразување и творење

## *Задача:*

1. Музичка асоцијација за препознавање на слушани композиции.

## *Активност:*

1. Наставникот дава насоки за работа и ги запознава учениците со начинот на реализација на активноста изразување и творење „Музичка асоцијација“.

*Демонстрација на пример:*

|  |  |  |  |  |
|---|---|---|---|---|
| инсект | Русија | Гвидон | брзина | држава |
| зуење | Шехерзада | опера | брза птица итрица | Москва |
| мајски | композитор | остров Бујон | трчање | шубара |
| **бумбар** | **Н. Р. Корсаков** | **Приказна за царот Салтан** | **брзо темпо** | **Русија** |
| **„БУМБАРОВ ЛЕТ“** (конечен одговор) | | | | |

*Упатство за реализација на активноста:*

- Формирање на групи од ученици (од четири до пет групи, зависно од бројот на ученици во паралелката).
- Секоја група треба да изработи модел за асоцијација на едно слушано дело по избор. Одговорот од колоната и конечниот одговор не треба да бидат внесени.
- Изработениот модел за асоцијација треба да го реши една од останатите групи.
- Презентација на решението на моделот.

***Препорака:***
Оваа музичка асоцијација може да се реализира и на некоја друга тема: на пример: Нова година, музички фолклор и народно творештво, музички форми и друго.



# *Буба Мара*
(по слух)

текст: *Б. Миркуловска*
муз. *Н. Мишченко Воеб*




Лет, лет, буба Маро, донеси ми гости!
Многу сакам да ги гледам
твојте крилја лични,
како фустан слични.

Лет, лет, буба Маро, донеси ми гости!
Исполни ми една желба:
Летни, шири крилја,
многу сакам да ми дојдат
дедо, баба мила!





***Задача:***

1. Текстот на песната претстави го преку ликовна илустрација.





# Соната

*(фрагмент)*

*В. А. Моцарт*








врати се од почеток



# За овој свет



Ќе чуеш глас, понекогаш,
деца страдале. О, Боже, не!
На вести слушам повторно,
во светот негде нова војна,
ново насилство.

Ни треба мирен сон,
Ни треба невиност.
Да нема страв и солзи,
Сето зло да исчезне,
Да нема тажен ден за нас!

За овој свет, еден и единствен,
треба се да сториме, само тој го имаме.
За овој свет, кој ни е единствен,
и со детска насмевка треба да се бориме,
За овој свет!

Во срцата нè допира за трошка љубов,
секој миг по една молитва.
Децата се невини, да учиме од нив
за вербата и надежта.
Нам ни треба да е жив сонот
што ги храни нив за спас!

За овој свет...............
Нема страв, нема глад,
да нема грижи за никого.
За овој свет...........

***Активност:***

1. Твоите доживувања од слушаната музика искажи ги ликовно.
2. Изработи честитка насловена „За сите деца на овој свет“.

***Задача:***

1. Изработи албум со композиции од твои омилени пејачи и песни.

# Со музика на одмор

Се ближи крајот на учебната година. Тажни сме поради разделбата, но весели поради заслужениот одмор.

Овој момент одбележи го со песна и игра. Направи избор на песни кои ќе ги слушаш или пееш. Нашиот предлог е песната:

**„*Музикална зграда*“**

Песната е исполнета на детскиот фестивал
„Златно Славејче“ 2009 година.

музика и текст: *Светлана Пецакова*
исполнува: *Мартин Јовески*



Ангелина свири виолина,
Ема часови по клавир зема,
Цела зграда ни е музикална,
Јане компонира сам во спална.

Еден сосед наш, во лифтот рече:
На ова мора да се става ред.
А јас пет-ни шест, со палка в рака:
Нема да си свирка кој што сака.

Јас сум решен да бидам диригент,
па, тука мора да има некој ред.
Цела зграда се ниша, танцува,
јас сум тој што ќе командува.

# СОДРЖИНА


*Мојот свет* . . . . 4
*Запејте деца на светот* . . . . 5
Нотни вредности . . . . 6
Цела нота и пауза . . . . 7
Осмина нота и пауза . . . . 8
Примена на осмина нота во песна . . . . 9
Ритмички и мелодиски вежби со примена на цела нота и пауза . . . . 10
Ритмички и мелодиски вежби со примена на осмина нота и пауза . . . . 11
Местото на нотите во петолинието . . . . 12
Местото на нотите си1 и до2 петолинието . . . . 13
Блок флејта . . . . 14
Мелодиски вежби со примена на нотите си1 и до2 . . . . 16
Примена на нотите си1 и до2 во песна . . . . 17
*Учителке ти си мој свет* . . . . 18
Такт . . . . 19
Дводелен 2/4 такт . . . . 20
Примена на 2/4 такт во ритмички и мелодиски вежби и песна . . . . 21
*Прва, втора* . . . . 22
Свириме во 2/4 такт . . . . 23
*Есен* . . . . 24
Триделен 3/4 такт . . . . 25
Примена на 3/4 такт во ритмички и мелодиски вежби и песна . . . . 26
*Еден, два, три!* . . . . 27
Свириме во 3/4 такт . . . . 28
Четириделен 4/4 такт . . . . 29
Примена на 4/4 такт во ритмички и мелодиски вежби . . . . 30
*Четири по четири* . . . . 31
Четири по четири (свириме на детски инструменти) . . . . 32
Музичко изразување и творење . . . . 33
Тонска скала . . . . 34
C-dur скала . . . . 36
*Азбучна песна* . . . . 38
Темпо . . . . 39
Метроном . . . . 40
*Часовник* . . . . 41
Вежби и песни со примена на различно темпо . . . . 42
*Фармата на стариот Мекдоналд* . . . . 43
*Братче Мартин* . . . . 43
Забавување и забрзување . . . . 44
Валс . . . . 45
Карневал на животните - Камиј Сен-Санс . . . . 46
Кенгури - Камиј Сен-Санс . . . . 47
*Нова година* . . . . 48

*Снешко* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .49
Ѕвончињата ѕвонат . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .50
Јохан Штраус . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .52
Радецки марш - Јохан Штраус . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .53
Фраза (двотакт) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .54
Утврдување на музичките целини мотив и фраза . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .56
*Приспивна песна* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .57
Динамика . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .58
Динамички нијанси . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .59
Утро од суитата „Пер Гинт“ - Едвард Григ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .60
Ехо - Орландо ди Ласо . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .61
Знаци за продолжување на нотната вредност . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .62
Продолжување на нотната вредност со лак и точка . . . . . . . . . . . . . . . . . . .63
Примена на знаци за продолжување на нотните вредности
во мелодиски вежби и песни . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .64
*Малките моми* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .65
Јоханес Брамс . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .66
Приспивна песна . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .67
Интервали . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .68
Интервал прима . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .69
Интервал секунда . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .70
Интервал октава . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .71
Примена на интервали прима, секунда и октава во мелодиски вежби . . . . .72
Фолклор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .73
Елементи на фолклорот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .74
Музички фолклор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .75
Елементи на музички фолклор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .76
Народни песни . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .78
*Јас те пратив на вода Калино* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .83
Тешкото . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .84
О, Сузана . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .86
Музичко изразување и творење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .87
*Голем ден - Велигден* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .88
Пештерата на шумскиот крал од суитата „Пер Гинт“ на Едвард Григ . . .89
Пештерата на шумскиот крал IV-дел од суитата „Пер Гинт“ . . . . . . . . . . . .90
Двогласно пеење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .91
Двогласно канонско пеење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .92
Канон . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .93
„Излегол Делчев војвода низ тоа поле битолско“ . . . . . . . . . . . . . . . . . . .94
*Сонце* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .95
Николај Римски Корсаков . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .96
*Бумбаров лет* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .97
Музичко изразување и творење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .98
*Буба Мара* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .99
Соната . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .100
За овој свет . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .102
Со музика на одмор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .103